CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

ЦЕНТАР за РАЗВОЈ на МЕДИУМИ

МОНИТОРИНГ НА РАБОТАТА НА АВМУ И МРТ

ПРВ КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2017 ГОДИНА

ЦЕНТАР за РАЗВОЈ на МЕДИУМИ

Јули 2017

CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Центарот за развој на медиуми и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

МОНИТОРИНГ НА РАБОТАТА НА

АВМУ И МРТ

ПРВ КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2017 ГОДИНА

СОДРЖИНА

5 ВОВЕД

6 АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

6 СОВЕТ НА АВМУ

8 СТРУЧНА СЛУЖБА НА АВМУ

15 ПРОГРАМСКИ СОВЕТ НА МРТ

18 ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

ВОВЕД

Центарот за развој на медиуми, во рамките на своите активности, а со финансиска поддршка на програмата „Цивика мобилитас“ на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), редовно ја следи работата на телата задолжени за спроведување на медиумското законодавство, односно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми.

Центарот за развој на медиуми ја следеше работата на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги, со присуство на седниците на советот или преку „стримингот“ во живо достапен преку каналот на АВМУ на YouTube. Исто така, ЦРМ ги земаше предвид одлуките на Агенцијата објавени на нејзината интернет-страница, а претставници на организацијата присуствуваа и на јавните состаноци и другите јавни настани организирани од страна на регулаторното тело.

Во периодот од 1 јануари до 31 март 2017 година кој е предмет на овој извештај, ЦРМ вложи напори за следење на работата на јавниот радиодифузен сервис, односно на Програмскиот совет на МРТ, и покрај огромните потешкотии предизвикани од нетранспарентното работење на Програмскиот совет, често спротивни на јасната законска обврска дека неговите седници се јавни.

Во овој период, а особено од објавувањето на „Извештајот на Прибе“, АВМУ и МРТ чекаат да почнат договорените реформи во медиумската сфера. Оттаму, Препораките се воопштени и повеќе се однесуваат на целокупниот законодавен третман на АВМУ и МРТ отколку на поединечни аспекти од нивното работење.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

СОВЕТ НА АВМУ

Во периодот од 1 јануари до 31 март 2017 година, Советот на АВМУ одржа 15 седници, одржувајќи го темпото од една седница неделно, што е повеќе од доволно и далеку над законскиот минимум од една седница месечно. Ако се земат во предвид бројот на точките по кои се расправаше – просечно од три до четири по седница – и нивната содржина, како и времетраењето на седниците од просечни дваесетина минути, впечаток е дури дека се одржани премногу седници.

Скоро половина од одржаните седници беа посветени на процесот на плаќање на годишниот надомест за дозволата за емитување радио и телевизиска програма. Поради праксата одреден број на радиодифузери да го чека последниот рок за плаќање, како и праксата да уплаќаат само дел од годишниот надомест, Советот на АВМУ се состануваше почесто, за итно да ги усвои потребните одлуки, во зависност од темпото на плаќање. На таквите седници, од 5-тата до 13-тата седница, речиси единствени точки на дневниот ред беа одлуки за покренување на постапка за одземање на дозволата и сукцесивно, за прекинување на веќе покренатите постапки, откако радиодифузерите конечно го уплаќаа целиот износ на надоместот за дозвола за емитување.

Во првиот квартал од 2017 година, Советот на Агенцијата донесе 3 одлуки за одземање на дозволите и тоа на: РАДИО ПЕХЧЕВО, ТВ АРТ Тетово и ТВ ИНТЕЛ Струмица, поради неплаќање на дозволата и поради самостоен престанок со работа и откажување на лиценцата. На 3

радиодифузери им престана важноста на дозволата за телевизиско/радио емитување по сила на закон – со писмена изјава.

Во истиот период, Советот на АВМУ разгледуваше и одобри две барања за доделување на дозволи за емитување на радио програма за локални радио станици во Куманово и Кривогаштани. Исто така, Советот на АВМУ одлучи да додели две дозволи за емитување на телевизиска програма преку јавна електронска комуникациска мрежа: на ТВ Топ Естрада од Тетово и беше доделена дозвола за емитување на регионално ниво; а ТВ Арт (АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ) од Тетово доби дозвола за емитување на национално ниво.

Треба да се спомне и дека голем број седници се посветени на технички и логистички прашања наметнати од динамиката на одржување и функционирање на регулаторното тело, како што се различни постапки за јавни набавки, од компјутерска опрема до средства за одржување на хигиена. На пример, на седницата број 4., од 2.2.2017 година, двете точки, покрај редовното усвојување на записникот од претходната седница и точката „Разно“, беа посветени на постапки за јавни набавки.

Фреквенцијата со која се одржуваат седниците секако е корисна за да се задржи вниманието на членовите на Советот, како нивната посветеност и поврзаност со институцијата и проблематиката со која се занимаваат. Сепак, за да се избегне можноста за претварање на седниците во „рутинска“ задача, а во интерес на времето и ресурсите, треба да се размисли за можноста седниците да бидат помалку на број, но со посодржаен дневен ред, за советниците да добијат повеќе време за разгледување на работните материјали, консултации, подготовка и анализа, што ќе резултира со посуштинска и побогата дискусија и расправа.

Притоа, забележливо е дека во првиот квартал од 2017 година, членовите на советот пројавуваат зголемен интерес за дискусија и активност. Со тоа Советот дава свој придонес кон трендот, забележлив од објавувањето на „Извештајот на Прибе“ и критиките на адреса на АВМУ за време на протестите на „Шарената револуција“, на поактивно и понезависно дејствување на Агенцијата. Во таа насока го имаме примерот на членови на Советот што бараа вонреден надзор поради проблеми со титловите на американски филм[1], или примерот на предлогот да се разгледа висината на надоместокот за дозвола за емитување за да се промовира отварањето на телевизии со специјализирани формати што во моментов ги нема на понуда[2].

И покрај намалените ингеренции на Советот на АВМУ, во полза на директорот на Агенцијата и стручните служби, неопходно е членовите на советот да покажат поголема активност, иницијатива, предлагање на теми за кои треба да расправа Советот, особено во областа на надзорот врз содржините што ги објавуваат медиумите за кои е надлежна Агенцијата.

1 Види во Записник од 2-та Седница на Советот
2 Види во Записник од 12-та Седница на Советот

СТРУЧНА СЛУЖБА НА АВМУ

НАДЗОР И ПРЕТСТАВКИ

Во периодот на кој се однесува овој извештај Агенцијата во согласност со обврските од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми, спроведе неколку редовни програмски и административни надзор врз работата на радиодифузерите, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и издавачите на печатени медиуми.

Дополнително, Агенцијата спроведе вонреден програмски надзор врз еден радиодифузер и му изрече опомена поради емитување на содржини на англиски јазик без превод на македонски јазик.

АВМУ треба да работи на популаризирање на можноста граѓаните да поднесуваат претставки за работата на медиумите. Исто така, АВМУ треба да ги објавува претставките, со податоци кој ја поднел претставката (секако, со почитување на желбата на поднесувачите да останат анонимни, ако така сакаат), какви дејства и мерки преземала Агенцијата за да одговори на претставката и дисциплинирање, доколку е потребно, на радиодифузерите.

ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ЈАВНОСТ

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги веројатно е првата институција во државата која обезбедува директен пренос од седниците на управното тело, Советот на АВМУ, преку **„streaming“** на интернет. И покрај повремените технички проблеми, тоа е одлична можност за сите што се инте-

ресираат за работата на Агенцијата, односно на Советот на АВМУ да можат да ја следат без да мораат да присуствуваат на лице место. Доколку има можност и простор пожелно би било снимките од седниците да бидат документирани и архивирани на интернет страната на агенцијата за да можат да се прегледуваат и подоцна, по потреба. Со оглед на малата гледаност, за постигнување на поголема транспарентност и интерактивност во функција на спроведувањето на законот и развојот на радиодифузната дејност, „стримингот“ треба поинтензивно да се промовира и да се информираат медиумите, новинарите и поширокота заинтересирана јавност.

Наспроти фактот што на седниците на Советот на АВМУ често се расправа за исклучително значајни и интересни теми и прашања, новинарите и медиумските куќи многу ретко се присутни а медиумите единствено се интересираат за работата на Советот, а и на Агенцијата во целина, кога на дневен ред се прашања што директно ги засегаат. Инаку, во медиумите ретко може да се прочита информација, макар и кратка вест за одржаните седници на АВМУ.

Оттука не е доволно само техничко спроведување на законот и објавување на дневниот ред и кратки хроники од седниците. Агенцијата треба да биде поактивна во најавувањето на седниците на Советот (по примерот на другите настани, како што се промоции на индивидуални проекти и програми што ги спроведува АВМУ) со соодветни најави и кратки информации за најзначајните точки за кои расправал или одлучувал Советот на АВМУ.

Интернет страницата на Агенцијата е богата со содржини, меѓутоа и натаму останува релативно непрегледна, а пребарувањето на моменти е комплицирано.

ЈАВНИ СОСТАНОЦИ

Првиот јавен состанок[3] за оваа година АВМУ го посвети, покрај известувањето за редовните активности на агенцијата, на процесот на следење на Предвремените парламентарни избори во 2016 година. На состанокот беа презентирани резултатите од прекршочните постапки за повреди на одредбите од Изборниот законик за Предвремените парламентарни избори, за потребите и насоките за менување на изборното законодавство во делот на медиумско покривање на изборните кампањи забележани од Агенцијата и информацијата за спроведените активности во првото тримесечје согласно годишната програма за работа на ААВМУ. Агенцијата на состанокот извести и за прекршочните постапки иницирани врз основа на ад-хок комисијата за следење на медиумското известување, основана врз основа на договорот „Пржино 2“.

Судбината на стоте дена ангажман на специјалната комисија за медиуми-продукт на пржинскиот договор, популарно познато како „ад хок“ тело е неизвесна. Или поточно речено извесно е дека гло-

3 Извештај за Првиот јавен состанок во 2017 година

бите ги одминуваат медиумите. Ниту една парична казна не е изречена, ниту една од националните телевизии не се соочи со флагрантното кршење на изборниот законик и неизбалансираното известување.

Резултатите од прекршочните постапки за повреди на одредби од Изборниот законик за Предвремените избори за пратеници во Собранието во Република Македонија во 2016 година покажуваат дека од 63 прекршочни постапки, кои по одлуки на ад хок телото ги покрена АВМУ, 43 се за опомена на медиумите. Од нив изречени се 21 опомена , 4 се отфрлени од судот со решение дека дејствието не е прекршок, останатите постапки биле во тек или се во жалбена постапка.

Од 20 прекршочни постапки за изрекување на парични глоби, судиите отфрлиле 18 со образложение дека се ненавремени, односно поднесени по истек на рокот од 48 часа, а за две сè уште нема никаква одлука од првостепениот суд. Одговор исто така нема ниту на поднесените жалби од АВМУ до апелациониот суд.

Поголем дел од судиите се повикуваат на член 47 став 2 од Законот за прекршоци според кој надлежните државни органи се должни да му предложат на сторителот на прекршокот постапка за порамнување пред да поднесат барање за прекршочна постапка. Тие повикувајќи се на став на Врховен суд на РМ изразен преку Пресуда КЗЗ бр. 24/12 инсистираат на доследна примена на правилата за постапка за порамнување согласно Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), и ги враќаат прекршочните пријави со цел Агенцијата претходно да спроведе порамнување.

Дел од судиите упатуваат на член 47 став 2 од ЗП и според нив постапката за порамнување не е право на секој сторител на прекршок односно не е должност на секој поднесител, туку истото е условено и им припаѓа на сторителите само ако е пропишано со закон, а Изборниот законик не пропишува таква постапка.

Освен различното толкување на прописите од страна на првостепените судови во врска со спроведувањето на забрзани постапки за порамнување, АВМУ како проблематично го констатира и непримену вањето на одредбата од член 196-в од Изборниот законик од страна на Судот (Правилата за медиумско претставување за избалансираност и правичност се применуваат во периодот од 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија) до донесувањето на актот за распишување на изборите - 18 октомври 2016 година. И едните и другите ги ортфрлаат пријавите поради ненавременост.

Селективно постапување е забележано и кај судиите од Скопје и од внатрешноста. Додека за судии рокот тече од денот на пристигнување на пријавите во судот, во внатрешноста го прифакаат рокот од денот на испракање на пријавите од АВМУ. Индикативно е и што сите прекршочни постапки за националните

медиуми се „паднале“ кај еден ист судија, близок до поранешната власт.

На јавната седница од присутните претставници на медиумите и невладните организации беше поставено прашањето зошто Агенцијата не поднела претставка до Советот за поверка на факти и до Советот за судии за селективен пристап и за опструкции со цел застарување на пријавите.

На јавната седница беа презентирани и конкретни предлози за измена на Изборниот законик[4]. Предложените измени вклучуваат степенувани казни, според остварените приходи, затоа што не е фер исти казни да плаќаат локалните и националните медиуми; да се утврди нов рок, подолг од 48 часа, затоа што краткиот рок дозволува брзо застарување; Интернет порталите или да се вклучат во законот за медиуми со цел да се утврди што е интернет портал, или од Изборниот законик да се исфрли обвската за следење на нивното известување за време на изборен период; итн.

Треба да се забележи и еден нов тренд, односно претпоставена обврска што Агенцијата претходно најчесто ја запоставуваше. Се работи за одлуката на АВМУ, во рамките на своите активности за подготовка на анализата за потребните измени на изборното законодавство, на консултации да повика претставници од граѓанските организации што работат во областа на медиумите, за да ги собере и нивните мислења за одредени отворени прашања идентификувани во текот на следењето на медиумското известување за изборните кампањи. ЦРМ се надева дека таквата пракса ќе продолжи, за што има назнаки и по завршувањето на кварталот што е предмет на овој извештај.

За разлика од редовните седници јавниот состанок предизвика голем интерес и дискусија кај медиумите и медиумските организации и невладиниот сектор. Коментарите на медиумската заедница за јавни седници главно се однесуваат на изборот на темите и нивната подготовка. Смислата на јавните седници не е само да се реализира законската обврска сама по себе и сама за себе, туку во нивната подготовка треба поголемо вклучување на заинтересираните страни во идентификувањето на темите и прашањата за кои треба да се расправа. Исто така, јавните состаноци треба да посветат повеќе време за прашањата на заинтересираните страни и јавноста.

Јавните состаноци како законска обврска на АВМУ треба поотворено да ги повикаат сите заинтересирани страни од медиумската сцена и граѓанскиот сектор да се вклучат во планирањето на темите за кои ќе се разговара на јавните состаноци. Исто така, АВМУ треба во дневниот ред на сите јавни состаноци да вклучи задолжителна точка во која претставниците на АВМУ – и Советот и стручната служба – ќе одговараат на прашања на заинтересираните претставници на јавноста. Освен презентациите од АВМУ, со свои конкретни видувања, анализи, ставови и предлози да бидат повикани и задолжени да учествуваат еснафските ме-

4 Види

диумски организации, самите медиуми и новинарите. Презентациите би содржеле видувања за бизнис аспектите, состојбите на медиумскиот пазар, организациони кадровски состојби, структури и потреби, новинарскиот ангажман, искуствените рефлексии и последици од имплементирањето на регулативата и сл.

МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

Во кварталот што е предмет на овој извештај, Агенцијата беше особено активна и присутна во јавноста во областа на медиумската писменост, една од нејзините основни законски обврски и задачи. Агенцијата ги претстави резултатите од истражувањето на медиумската писменост кај возрасните, спроведено кон крајот на 2016 година, прво истражување од тој тип во Македонија. Исто така, Агенцијата ги координираше активностите за формирање на национална Мрежа за медиумска писменост на РМ и ги покани сите релевантни чинители да се вклучат во иницијативата.

РЕАКЦИИ И СООПШТЕНИЈА

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со неколку сооопштенија[5] ги осуди нападите и заканите врз новинарите и медиумите и ги повикуваше во време на тензични политички и етнички состојби да ги почитуваат професионалните стандарди, да ги проверуваат информациите и да внимаваат на речникот што го користат во вестите. Дополнително,

Се чини дека реакциите во јавноста на АВМУ се случуваат повеќе технички и изнудено, отколку искрено. Како да се води сметка по секоја цена да има баланс во реагирањето и осудата и на едната и на другата страна (критички настроени и провладини медиуми) и не се навлегува подлабоко во суштината ниту пошироко во изборот на настаните, институциите и личностите што се предмет на напади, закани и притисоци.

Најчесто пристапот на АВМУ се ограничува на цитати од законот, без подлабоко и похрабро истражување, анализа и споредба што би довеле до заклучоци и препораки во јавноста за одредени случаи и состојби-студија на случај за тоа како телевизиите се однесувале, информирале за одреден настан во првите три турбулентни месеци. Ваквиот пристап секторот за програма на Агенцијата порано редовно го применуваше со анализи на плурализмот во известувањето на јавниот сервис, известувањето на националните комерцијални радиодифузери за одреден настан.

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АВМУ ВО 2016 ГОДИНА

Агенцијата, односно Советот на АВМУ го усвои Извештајот за работа на АВМУ за претходната 2016-та година[6] во законскиот рок. Извештајот нуди опис на активностите на АВМУ и извршувањето на законските обврски во претходната година.

5 Види на следните УРЛ адреси: Соопштение 1; Соопштение 2; Соопштение 3; Соопштение 4
6 Извештај за работата на АВМУ за 2016-та година

Негативни реакции во јавноста предизвика одлуката на Советот на Агенцијата, на предлог на Претседателот на Советот Лазо Петрушевски, да го дополни Годишниот извештај за работата на АВМУ во 2016 година со оценка дека сите национални телевизии, освен Алсат М, односно Алфа, Сител, Канал5, Шења, Телма, 24 вести и Нова во текот на 2016 година покажале пристрасност кон одредени политички опции. Советот исто така го оцени со негативна оценка работењето и одлуките на ад хок телото-привремената комисија за медиуми формирана со пржинскиот договор. Двете оценки, иако не беа вклучени во текстот на Извештајот, станаа дел од одлуката за негово усвојување што се доставува до Собранието на РМ заедно со Годишниот извештај. Одлуката предизвика реакција на членот на Советот Зоран Фидановски, кој коментираше дека се сомнева дека ваквиот заклучок на Советот е донесен по нечиј политички диктат за да стави знак на еднаквост меѓу медиуми за кои во мониторингот не биле констатирани прекршувања на професионалните новинарски стандарди, со оние за кои има десетици пријави за прекршување на стандардите и констатиран говор на омраза[7]. Реагираше и Здружението на новинарите на Македонија со обвинување до Советот дека е политизиран и партизиран.[8]

Ставовите дека националните телевизии биле политички обоени звучат произволно. Тоа што сите телевизии биле опоменати и казнувани во текот на 2016 година и за време на изборниот период сигурно не значи дека сите се исполитизирани.

ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Според завршната сметка за 2016 година[9] АВМУ остварило вишок од околу 470 илјади евра, односно околу 29 милиони денари. Агенцијата плати и данок на добивка во висина од 3.667.465 денари.

Според годишната сметка на АВМУ за 2016 година, вкупно остварените приходи во 2016 година изнесуваат 123.574.378 милиони денари. Од наплата на радиодифузна такса остварени се 50.650.752 денари, од надомест за дозволи за телевизиско и радио емитување 56.807.141 денари, од надзор на реемитување на програмски сервиси и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање-од оператори на јавни електронски комункациски мрежи (0,5 посто од годишните приходи на операторите) 8.085 718 денари и од Буџетот на владата за изборите 5.638.507 денари.

Вкупните расходи изнесуваат 94.988.083 милиони денари.

Најголем дел од расходите, 34.974.838 денари, се исплатени плати и надоместоци за вработените во стручните служби и советниците. За набавка и одржување на компјутери аудио и друга техника потрошени се 3.105

7 Види повеќе во записникот од 13-та седница на Советот
8 Реакцијата на ЗНМ
9 Усвоена на 9-та седница на Советот, види записник

040 денари,за национално кофинансирање на ИПА проекти 5.405 783 денари. Отплата на кредит и ануитети за изградба на административната зграда 19.943.981денари. Треба да одбележиме и дека АВМУ, односно Советот на Агенцијата повторно усвои одлука за репрограмирање на кредитот подигнат за финансирање на изградбата на зградата на Агецијата[10], користејќи го вишокот средства што произлегуваат, пред сè, од собирањето на надоместоците за дозволите за емитување, под изговор дека се работи за „домаќинско работење".

Домаќинското работење и намалените трошоци по речиси секоја ставка на Агенцијата во 2016 година, неспорно се позитивен ефект и разбирливи се „воодушевањата и честитките" од советниците, нагласени за предвременото отплаќање на кредитите за изградба на деловниот објект. Но, се чини дека се во право претставниците на медиумската бизнис заедница со забелешките дека регулаторот треба да ги брани граѓаните и јавноста од несовесните медиуми, но неговата функција е и да ги „сервисира", помага, обучува и штити од нелојална конкуренција и медиумите, односно, да обезбеди слободен пазарен амбиент и поднесливи трошоци согласно економските реалност.

Исто така, на дебатите за медиумските состојби, со заеднички именител „богати регулатори сиромашни медиуми", се поставуваат прашања за големите приходи на регулаторите и непотрошените средства-вишоци на пари кои се префрлаат од една во друга година. Дали инвестирањето во објекти е во склад со наменското трошење и целите на дејноста? Дали развојот на радиодифузната дејност и спроведување на законот не треба да опфати и поголема грижа за медиумите преку истражувања, анализи, интеракција, обуки, симпозиуми, семинари на кои нема да се зборува само за состојбите, туку за нови сознанија, иновации, предизвици, технологии, трендови.

Во јавниот дискурс се проби и легитимното прашање за висината и формулата за пресметување на надоместокот за плаќање на дозволите за ТВ и радио емитување. Дали треба цената да се зголеми уште повеќе и така да се селектира и расчисти пазарот или треба уште повеќе да се намали за да можат медиумите да го издржат економскиот притисок и финансиски одржливи и резистентни на непристојните политички понуди конечно да поработат на својата објективност.

10 Види во Записник од 3-та седница на Советот

ПРОГРАМСКИ СОВЕТ НА МРТ

Центарот за развој на медиуми по интензивна комуникација со правната служба, претседателката на Програмскиот совет, доставување официјално барање во архивата и префрлање на топката од едно на друго одговорно лице со нови дополнувања на процедурата успеа да обезбеди присуство и да ги следи првите две седници на Програмскиот Совет на МРТВ во 2017 година.

Иако законот е многу јасен и категоричен-седниците се јавни и деловникот може само да дообјасни, допрецизира и да го олесни присуството на новинарите, а не дополнително да го комплицира и отежнува, Програмскиот совет изгласал деловник кој е во спротивност со членот 122, став 1.[11]

Според кажувањето и толкувањето на деловникот (кој, патем, иако се работи за законска обврска не е објавен на веб страната на МРТВ) од страна на претседателката Снежана Клинчарова, присуството на седниците на новинари и надворешни лица е ограничено на само одредени точки од дневниот ред за што заинтересираните писмено треба да се изјаснат пред одржувањето на седницата. Сметаме дека таквите одредби од деловникот се недозволено ограничување на начелото на јавност како што е кодифицирано во законот. Од друга страна, дури и да ги прифатиме таквите ограничувања, обезбедувањето на присуство на претставници на медиумите или граѓанските организации останува безмалку невозможна мисија, затоа што седниците не се најавуваат јавно, па со

11 Прочистен текст на ЗААВМУ

тоа и дневниот ред на секоја индивидуална седница им е достапен само на членовите на Програмскиот совет.

Помалку е нејасно зошто членовите на Советот се толку „исплашени“ од присуството на јавноста на седниците. Ако се суди по дискусиите на двете седници на кои присуствувавме, поголем дел од членовите се активни, со спротивставени дискусии, забелешки и предлози-тие треба да инсистираат на поголема јавност и гласност наспроти обвинувањата дека се само декор и демократско алиби за непречено раководење со јавниот сервис од директорите и уредниците како продолжена рака на владата и владејачката партија. Можеби проактивноста се должи на постизборниот период, политичката (не)известност и притисокот и иницијативноста на членот на програмскиот совет предложен од ЗНМ, но и незадоволни членови блиски до власта кои останале без позиции, ангажман и бенефит.

На 37-та седница на која што присуствуваше центарот за развој на медиумите Програмскиот совет на МРТВ со надгласување го усвои Етичкиот кодекс на Македонската Радио Телевизија[12].

Барањето од страна на членот предложен од Здружението на новинарите на Македонија-Ведат Мемедлиу гласањето да се одложи затоа што не се прифатени бројните забелешки и предлози од ЗНМ и другите медиумски организации не беше прифатено. Мемедалиу наведе дека последната верзија на Етичкиот кодекс ќе им донесе најмногу проблеми на новинарите и наместо да биде документ кој ќе ги утврди и ќе го санкционира непочитувањето на професионалните новинарски стандарди, кодексот измешал баби и жаби и се занимава со дисциплински постапки за недолично облекување и однесување и разноразни административни технички процедури и постапки кои немаат врска со новинарската професија. Мемедалиу упати на коментарите и предлозите на ЗНМ за издвојување на етичкиот новинарски кодекс како посебен документ надвор од одредбите за деловно однесување редот и дисциплината на вработените поради нивната неспоивост, реферирајќи на етичките кодекси на Хрватската радиотелевизија и други јавни сервиси во регионот и пошироко.

Според претседателката Снежана Клинчарова имало доволно време за јавна расправа и ако има потреба во иднина кодексот може да претрпи нови измени по барање на новинарските и медумските организации.

На втората седница на која присуствуваа, во својство на набљудувачи, и претставници на ЦРМ, повеќето членови на Програмскиот совет револтирани од игнорантскиот однос на директорите на МРТ не гласаа за предложениот дневен ред, на кој главна точка беше извештајот за работењето на јавниот сервис во 2016 година. Тие побараа задолжително присуство на раководството на МРТ кое две години не ги удостоило со внимание иако имале голем број прашања да им постават.

12 Етички кодекс на Македонската Радио Телевизија

По инсистирањето од правната и финансиската служба на законските рокови за расправа и носење на годишните извештаи членовите на советот продолжија со седницата со компромисен договор на итна седница да се повикаат и да се соочат со директорите и надзорниот одбор.

Надзорниот одбор на МРТВ во анализата по извештајот за работата на јавниот сервис ја потенцира катастрофалната реализација на маркетинг службата. Надзорниот одбор изразува загриженост поради одредени сигнали дека финансиските обврски не се извршуваат што би можело да биде голем ризик за идното работење на МРТВ. Побарани беа објаснувања и директни одговори од директорите за висината на долговите (дел од нив се појавуваат како нови а всушност се повторуваат и се појавуваат неплатени емисии од претходните години) со оглед на тоа што бил направен пресек само врз основа на достапните доспеани фактури.

Иако како позитивно беше нагласено намалувањето на трошоците на работењето, поголемиот дел од членовите на Програмскиот совет во дискусијата по извештајот за 2016 година[13] беа мошне критички настроени, особено во програмскиот дел - нема сопствена програма и продукција, нема детски и образовни емисии.

Договорената итна седница на Програмскиот совет со присуство на директорите на МРТВ и Надзорниот одбор се одржа, но за жал без присуство на јавноста. За да се избегнат заинтересираните новинари и претставници на медиумски организации, седницата конечно се одржа во Охрид.

13 Годишниот извештај

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Во периодот опфатен од овој извештај, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги продолжи со трендот, особено по објавувањето на Извештајот на Прибе, на поголема активност и гласност, и покрај ограничените надлежности со кои располага. Таквиот тренд е видлив во иницијативите поднесени до надлежните органи против медиуми за кои Агенцијата утврдила дека користат или шират говор на омраза, како и во постапките за утврдените прекршоци на правилата за известување за изборните кампањи.

Седниците на Советот на АВМУ треба да се реосмислат. Фреквенцијата со која се одржуваат седниците секако е корисна за да се задржи вниманието на членовите на Советот, како нивната посветеност и поврзаност со институцијата и проблематиката со која се занимаваат. Сепак, за да се избегне можноста за претварање на седниците во „рутинска“ задача, а во интерес на времето и ресурсите, треба да се размисли за можноста седниците да бидат помалку на број, но со посодржаен дневен ред, за советниците да добијат повеќе време за разгледување на работните материјали, консултации, подготовка и анализа, што ќе резултира со посуштинска и побогата дискусија и расправа.

Агенцијата, надвор од користењето на својата интернет-страница, се чини дека не прави доволно да ги промовира своите активности и да ја анимира јавноста, односно, тоа го прави само за одреден дел од свои активности. Тоа особено се чини е значајно во делот на претставки од граѓаните, кои ги има мошне малку (во услови на големо незадоволство во јавноста од програмите на медиумите или начинот на кој известуваат за тековните настани и состојби во општеството). Во согласност и со препораките на меѓународни институции[14], АВМУ треба да

14 Види во Eve Solomon, “Guidelines for Broadcasting Regulation”, UNESCO and CBA, 2008

работи на популаризирање на можноста граѓаните да поднесуваат претставки за работата на медиумите. Исто така, АВМУ треба да ги објавува претставките, со податоци кој ја поднел претставката (секако, со почитување на желбата на поднесувачите да останат анонимни, ако така сакаат), какви дејства и мерки преземала Агенцијата за да одговори на претставката и дисциплинирање, доколку е потребно, на радиодифузерите.

Конечно, АВМУ, како што спомнавме, во голема мера ќе биде во фокусот на реформите во медиумскиот сектор предвидени со договорите „Пржино 1“ и „Пржино 2“, како и Итните реформски приоритети на ЕУ. Тие реформи ќе мора да вклучат и редефинирање на устројството и позицијата на АВМУ, како и проширување на овластувањата и нивен поинаков распоред внатре во АВМУ, во полза на Советот на Агенцијата, ако сакаме да добиеме вистинско регулаторно тело способно да одговори на потребите на јавноста, но, пред сè, на медиумскиот сектор и индустрија.

МРТ, исто така, е во фокусот на предвидените и очекуваните реформи во медиумскиот сектор. Реформите, освен финансирањето на јавниот радиодифузен сервис, ќе мора да се фокусираат и на функционирањето на Програмскиот совет на МРТ, а особено на третманот на јавноста во неговата работа. Реформите во законодавството очигледно ќе треба да содржат јасни упатства за Програмскиот совет во смисла на информирање на јавноста за неговите активности, вклучително и обврски за соодветно и навремено информирање за распоредот и дневните редови на неговите седници. Исто така, новото законодавство ќе мора на јавниот радиодифузен сервис да му дефинира и јасни правила за достапноста (пред сè, на интернет страната) на основните документи – Статут, деловници, правилници, кодекси на однесување, годишни планови и извештаи и сл.

CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

ЦЕНТАР за РАЗВОЈ на МЕДИУМИ

МОНИТОРИНГ НА РАБОТАТА НА

АВМУ И МРТ

ИЗВЕШТАЈ ЗА 2017 ГОДИНА

ПРВ КВАРТАЛЕН